# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА РАБОТА ЗА 2021 ГОДИНА

# КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ

## 1. ПРОГРАМИ

Врз основа на Методологијата за стратешко планирање и подготвување на Годишна програма за работа на Владата на Република Северна Македонија („Службен Весник на Република Македонија", бр. 124/08 и 58/18), Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на следење, оценување и известување за спроведувањето на стратешкиот план и годишниот план за работа и Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на подготвување на стратешкиот план и годишниот план за работа од Седницата на Владата на Р. С. Македонија одржана на 10.07.2018 година, креирана е една програма и една потпрограма, целите на програмите и потпрограмите и нивната поврзаност со стратешките приоритети на Владата за 2021 г. (од Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на РСМ во 2021 г., Сл. весник на Р. Северна Македонија бр.243/20 од 09.10.2020 г.) и приоритетните цели на органот на државната управа.

## 2. ПЛАН ЗА РАБОТА

### А. Програми и потпрограми од стратешкиот план на органот на државната управа

| |
|---|
| **ПРОГРАМА: Ново поглавје во развојот на нашето мултиконфесионално општество** |
| **Поврзаност со приоритетот и приоритетната цел на Владата:**<br>1. Стратешките приоритети на Владата на РСМ за 2021 г.:<br>• *„Успешно водење на пристапните преговори со Европската унија",*<br>• *„Целосно спроведување на Охридискиот рамковен договор и градење на граѓанска држава и етничка и социјална кохезија врз принципте на меѓусебна толеранција и почитување."*<br><br>*и од следниве приоритетни цели на Владата на РСМ за 2021 г.:*<br>• *„Унапредување на концептот и практиките за општествена одговорност;*<br>• *Развој на туризмот и угостителството, субвенционирање на алтернативен и културен туризам и градење на препознатлив туристички имиџ согласно светските стандарди;*<br>• *Зајакнување на позицијата на Република Северна Македонија на меѓународен план, развој на билатералните, регионалните и мултирателарните односи* |

*со членките на НАТО и Европската Унија и другите земји од Европскиот и бон- европскиот простор;*

- *Развивање систем на правда кој ефикасно ги штити слободите, правата и заедничкиот систем на вредности;*
- *Активно учество во меѓународната борба против современите безбедносни закани и предизвици кон интересите на Република Северна Македонија, вклучувајќи го туризмот, насилниот екстремизам и феноменот на странските борци;*
- *Равивање на европската идеја за културно наследтсво како заеднички ресурс, подигање на свеста за нашата заедничка историја која ги обединува граѓаните и ги легитимира пред европското семејство на држави, активно придонесувајќи во целокупниот европски идентитет;*
- *Создавање вредности на толеранција, правичност, еднакви можности, признавање на различностите во мултикултурализмот и интеркултурната комуникација.“*

**Поврзаност со приоритетот и приоритетната цел на органот на државната управа:**

Активно промовирање на културните и верските вредности на Република Северна Македонија врз основа на постојана и конструктивна соработка со регистрираните цркви, верски заедници и религиозни групи и државните институции.

**Цел на програмата:**

- Промоција на културните и верските вредности во Република Северна Македонија и унапредување на меѓуконфесионалната соработка;
- Обезбедена заштита на начелото на секуларност, унапредени верски слободи и права и меѓународна соработка;
- Зајакната сервисна ориентација кон потребите на верските заедници.

**Показатели за успешност:**

- Број на одржани тркалезни маси, семинари, издадени публикации, одржани изложби и други културни и научни настани во 2020 г., 2021 г. и 2022 г.;
- Број на организирани заеднички јавни настапи на регистрираните цркви, верски заедници и религиозни групи и испраќање јасна порака за меѓуверска толеранција;
- Број на одржани договорно-консултативни средби со регистрираните цркви, верски заедници и религиозни групи за унапредување и заштита нивните права;
- Број на решени прашања за тековните потреби на верските субјекти и други прашања од областа на заштита на културното верско наследство на верските субјекти;
- Број на преземени иницијативи за унапредување на меѓународната соработка во областа.

<table>
<tr><td colspan="3">ПОТПРОГРАМА 1:</td></tr>
<tr><td colspan="3">Цел на потпрограмата:<br><ul><li>Промоција на културните и верските вредности во Република Северна Македонија и унапредувасње на меѓуконфесионалната соработка;</li><li>Обезбедена заштита на начелото на секуларност, унапредени верски слободи и права и меѓународна соработка;</li><li>Зајакната сервисна ориентација кон потребите на верските заедници.</li></ul></td></tr>
<tr><td>Показател за успешност:<br><ul><li>Спроведено истражување и анализа на резултатите;</li><li>Издадени публикации за: Еврејската верска заедница, за првиот Архиепископ на МПЦ Г. Г. Доситеј по повод 115 год. од неговото раѓање и 40 год. од неговото упокојување;</li><li>Реализирана манифестација „Недела на заедничка молитва“;</li><li>Одбележан јубилеј 250 години од раѓањето на преродбеникот Кирил Пејчиновиќ;</li><li>Реализирана тркалезна маса на тема „Воведување на капелани во затворите, армијата и здравството“;</li><li>Доделено годишно признание од КОВЗРГ;</li><li>Реализирана Балканска средба на одговорните лица на државните институции кои работат во иста сфера како и КОВЗРГ;</li><li>Реализиран проект „Под македонско небо“ за афирмација на верскиот туризам.</li></ul></td><td>Појдовна основа:</td><td>Планиран резултат (одредница) на годишно ниво:<br><ul><li>Обезбедени статистички податоци кои ќе придонесат кон насоките во работењето на КОВЗРГ;</li><li>Промовирање на еврејската верска заедница и оддавање почит на првиот Архиепископ на МПЦ;</li><li>Промовирање на меѓуверски дијалог и соработка и испраќање заедничка порака за почитување на различниот од нас од страна на сите регистрирани цркви, верски заедници и религиозни групи;</li><li>Одбележување и зачувување на споменот на значајни личности кои придонеле за одржување на верската и образовната традиција на нашата земја;</li><li>Обезбедени информации за потребата од капелани во затворите,армијата и здравството за преземање понатамошни чекори за реализација;</li><li>Поттикнување на членови од општеството за промовирање на етички кодекс на однесување и промовирање на општествена одговорност без разлика на различната верска природа.</li><li>Меѓудржавна соработка и размена на искуства во работата на државите од Балканот во верската сфера;</li><li>Придонес кон развој на верскиот туризам.</li></ul></td></tr>
</table>

| Мер-ки | Активности | Временска рамка за спроведување | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Квар-тал 1 | Квар-тал 2 | Квар-тал 3 | Квар-тал 4 | Финансики средства | Организацис-ки облик/лице |
| 1. | Истражување на јавното мислење за важни прашања од верска природа кај различни возрасни групи | ✓ | | | | 30.000 | Одделение за соработка со црква, верска заедница и религиозна група/Сејдула Лимановски и Одделение за административна поддршка/ Хасије Селмани |
| 2. | Издавање на публикација за Еврејската верска заедница | ✓ | ✓ | | | 150.000 | Одделение за протокол и одбележување на верски празници/ Огнен Коцевски |
| 3. | Манифестација „Недела на заедничка молитва“ | | ✓ | | | 120.000 | Одделение за соработка со црква, верска заедница и религиозна група/ Наташа Ниќифоровиќ |
| 4. | Одбележување на јубилејот 250 години од раѓа-њето на препрод-беник Кирил Пеј-чиновиќ | | ✓ | ✓ | | 100.000 | Одделение за протокол и одбележување на верски празници/ Петар Петковски |
| 5. | Издавање на публикација „Возобновителот“ по повод 115 години од раѓа-њето и 40 години од упокојувањето на првиот архие-пископ Доситеј | | ✓ | ✓ | | 180.000 | Одделение за протокол и одбележување на верски празници/ Петар Петковски |
| 6. | Доделување на годишно приз-нание од | | | | ✓ | 60.000 | Одделение за соработка со државни инсти-туции и доку- |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | КОВЗРГ | | | | | | ментација и односи со јавност/ Елена Стојанова |
| 7. | Тркалезна маса на тема „Воведување капелани во армијата и здравството“ | | ✓ | | | 15.000 | Одделение за соработка со црква, верска заедница и религиозна група/Сејдула Лимановски |
| 8. | Балканска средба на одговорните лица на државните институции кои работат во иста сфера како и КОВЗРГ | | | | ✓ | 250.000 | Сектор за соработка со црква, верска заедница и религиозна група и протокол/ Наташа Ниќифоровиќ, Петар Петковски |
| 9. | Проект за афирмација на верскиот туризам „Под македонско небо“ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | 100.000 | Одделение за протокол и одбележување на верски празници/ Петар Петковски |

**Б. Иницијативи на органот на државната управа утврдени во Годишната програма за работа на Владата**

| Иницијатива | Временска рамка за подготвување | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Квартал 1 | Квартал 2 | Квартал 3 | Квартал 4 | Финансиски средства | Организациски облик/лице |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |

**В. Мерки и активности кои произлегуваат од работата на органот на државната управа**

| ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА : |
|---|
| Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи со реализација на предвидениот план за јавни набавки и план за вработување ќе обезбеди |

| спроведување на планираните проекти и исполнување на основни услови за работа на институцијата. | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Показател за успешност:** Успешно реализирани јавни набавки. | | | | | | |
| **Активност** | **Временска рамка за извршување** | | | | | |
| | **Квартал 1** | **Квартал 2** | **Квартал 3** | **Квартал 4** | **Финансиски средства** | **Организациски облик/лице** |
| ЈН за услуги од авторска агенција | ✓ | | | | 500.000 | Одделение за соработка со црква, верска заедница и религиозна група/ Сејдула Лимановски |
| ЈН за набавка на гориво за службено возило | | ✓ | | | 300.000 | Одделение за соработка со црква, верска заедница и религиозна група/ Сејдула Лимановски |
| ЈН за печатење на публикации | ✓ | | | | 500.000 | Одделение за соработка со црква, верска заедница и религиозна група/ Сејдула Лимановски |
| ЈН за хотелско сместување | | ✓ | | | 100.000 | Одделение за соработка со црква, верска заедница и религиозна група/ Сејдула Лимановски |

**Директор**

**Даријан Сотировски**

Република Македонија Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи Скопје

Подготвила: Наташа Никифоровиќ